# СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА НОВАЦИ

2024-2029

# Содржина

**Вовед** ..... 2
**Профил на општината** ..... 4
**Методологија** ..... 5
**Цел на стратегијата** ..... 6
**Приоритетна област I: Младинско учество и младинско информирање** ..... 7
**Приоритетна област II: Култура и спорт** ..... 13
**Приоритетна област III: Претприемништво и поддршка при вработување** ..... 18
**Останати области на делување** ..... 25

## Вовед

Секое општество се стреми да го подобри животот на младите и да ја унапреди нивната положба во рамки на општествената средина. Младите луѓе не само што се иднината на општината, тие се и главните носители на прогрес и промени.

Стратегијата за млади не може да одговори на сите предизвици со кои се соочуваат младите, но може да ги постави клучните приоритети и системот за поддршка на младите во нивниот процес на транзиција кон возрасни лица. Оваа стратегија е токму тоа- обид преку координиран и партиципативен процес кој вклучува консултирање на младите да се дефинираат клучните приоритети за млади на кои Општина Новаци ќе се фокусира во наредните пет години.

Иако до сега се вложени значителни напори за унапредување на положбата на младите во Општина Новаци од страна на различни субјекти, како граѓански организации, институции на национално и локално ниво, меѓународни организации и поединци, се уште постои простор за подобрување на положбата на младите во општината.

Стратегијата за млади на Општина Новаци 2024-2029 е изработена во соработка со граѓанската организација „Про Локал“, а во рамки на проектот „Зајакнување на луѓето од Пелагонија 2“ поддржан од Амбасадата на Кралството на Холандија во Р.С.Македонија. При процесот на креирање на стратегијата, експертска поддршка обезбеди консултантската компанија „Стратешки Менаџмент Системи“.

Локалната стратегија за млади е 5-годишна визија за иднината на младите во Општина Новаци. Истата се базира на сеопфатно истражување кое имаше за цел да овозможи широк консултативен процес во кој младите го дадоа својот придонес преку анкетни прашалници, како и преку интервјуа и фокус-групни дискусии. Воедно, преку секундарно истражување беа консултирани релевантните стратешки и други документи за млади на локално и национално ниво. Беше организирана и работна група во рамки на која се утврдија конкретни приоритетни области, вклучително и предлог мерки и активности. Во рамки на стратешкото планирање беше изработен и Акциски план со буџет за две години,

во кој се дефинирани конкретни проекти и активности за достигнување на резултатите во секоја од зададените цели во Стратегијата.

Согласно Законот за младинско учество и младински политики, Локална стратегија за млади е стратешки документ со кој во согласност со Националната стратегија за млади, се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите на локално ниво и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување.

Оваа стратегија ја прифаќа дефиницијата за „млади“ дадена во погоре споменатиот закон, според кој млади се лица на возраст од 15 до 29 години.

Стратегијата за млади на Општина Новаци се базира на следните темелни принципи:

**Партиципативност**

- Вклученост на сите заинтересирани млади во креирање и имплементација на стратегијата

**Инклузивност**

- Рамноправност и еднакви можности за сите млади да го остварат својот целосен потенцијал во сите области на општественото живеење

**Холистички пристап**

- Соработка со други државни организации/институции/тела, како и соработка со граѓанскиот сектор и други интересни групи кои работат со/за младите

**Одговорност**

- Локалната стратегија за млади ја носи и за нејзината имплементација одговорна е Општина Новаци. Стратегијата се спроведува со буџетските средства на општината. Општината е одговорна и за мониторинг и евалуација на стратегијата согласно дефинираните цели и индикатори.

## Профил на општината



Општината Новаци е значајна општина во Битолското поле, односно југозападниот дел на рамницата Пелагонија. Според последниот попис направен во 2021 година, Општина Новаци брои вкупно 2648 население, односно 855 домаќинства кои живеат во 1395 станови, што ја прави општината една од најретко населените општини во државата.

На последниот попис од 2021 година 2427 од жителите во Општина Новаци се изјасниле како етнички Македонци, што е 91% од вкупното население. 52% од вкупното население се лица од машки пол, додека 48% се лица од женски пол.

Што се однесува до младите, во Општина Новаци живеат 398 млади лица на возраст од 15-29 години, што претставува 15% од целокупното население во општината. Од нив 122 се на возраст од 15-19, 121 се на возраст од 20-24 години и 155 се млади на возраст од 25-29 години. Од вкупниот број млади лица (15-29), 208 се лица од машки пол (52%), додека 190 се лица од женски пол (48%).




Општината Новаци се наоѓа на Јужниот дел на Р.С.Македонија, го зафаќа југоисточниот дел на Пелагониската рамнина, централниот дел на течението на Црна Река, битолскиот дел на Мариово и пограничниот дел со Грција на потегот на планината Ниџе. Општина Новаци на север граничи со Општина Прилеп и Општина Могила на запад со Општина Битола и на јужниот и источниот дел со Грција во должина на гранична линија од околу 60 км. Општината е крстосница на регионалните патишта: патот Битола-Новаци-Маково го поврзува битолскиот дел на Мариово, исто така југоисточно од Новаци патот што води кон селата Брод и Бач, а на север кон Добрушево-Тополчани-Прилеп. Новаци секогаш претставувало центар на управна единица.

## Методологија

За потребите на овој стратешки документ, во период август-септември 2023 година се спроведе примарно истражување за младинските трендови во Општина Новаци.

Примарното истражување се спроведе преку метод на испитување, кој ги вклучи следните истражувачки техники:

- **Анкетирање -** Со цел испитување на мислењето на поголем број млади лица Општина Новаци се спроведе онлајн прашалник преку алатката SurveyMonkey на македонски јазик. Прашалникот се состои од вкупно 36 прашања и истиот беше наменет за млади лица на возраст од 15-29 години од Општина Новаци. Прашалникот го пополнија вкупно 52 млади лица од општината од кои 52% од машки пол и 48% од женски пол.

- **Интерјву –** Со цел да се добие посеопфатна слика на за условите на младите, нивните потреби и предизвици низ призмата на локалната самоуправа се спроведе интервју со Службеникот за млади во Општина Новаци.
- **Фокус група –** преку фокус-групна дискусија 6 млади лица меѓу кои претставници на локални младински организации, студенти, средношколци и невработени млади лица ги презентираа локалните предизвици за младите во општината за кои понудија предлог решенија и дефинираа листа на приоритети.

Покрај примарното истражување, направено е и секундарно истражување, односно за целите на стратегијата консултирана е и релевантна литература, национална правна регулатива, оперативни планови и програми и слично.

## Цел на стратегијата

Целта на Стратегијата за млади на Општина Новаци е да придонесе кон задоволни млади луѓе кои живеат во своето место на раѓање, имаат квалитетен културен, активен и социјален живот, имаат исполнето слободно време со разни содржини, активно се вклучени во носењето на одлуки и имаат можност да се вработуваат или да започнат сопствен бизнис, согласно нивните потреби и интереси.

Стратешки цели:

1. Младинско учество и информирање
2. Култура и спорт
3. Претприемништво и поддршка при вработување

Во продолжение даден е подетален преглед на трите издиференцирани приоритетни области со дефинирана стратешка рамка за секоја област одделно.

Покрај наведените области, Општина Новаци ќе се залага за унапредување на животот на младите и во други области на делување и нивна севкупна афирмација.

## Приоритетна област I: Младинско учество и младинско информирање

Учеството е основно право. Тоа е еден од водечките принципи на Универзалната декларација за човекови права што е повторено во многу други конвенции и декларации. Преку активно учество, на младите им се овозможува да играат витална улога во нивниот сопствен развој, како и во развојот на нивните заедници, помагајќи им да научат витални животни вештини, да развијат знаење за човековите права и да промовираат позитивна граѓанска акција. За да учествуваат ефективно, на младите мора да им се дадат соодветни алатки, како што се информации, едукација и пристап до нивните граѓански права.

Согласно Законот за младинско учество и младински политики, „младинско учество“ претставува процес кој им овозможува на младите учество и заедничко носење на одлуки за политики и програми кои директно или индиректно го обликуваат животот на младите.

Учеството на младите не е цел сама по себе, туку средство за постигнување позитивни промени во животот на младите луѓе и за градење на подобро општество.

Младите имаат право да го споделат своето мислење кога се носат одлуки што ги засегаат на локално ниво. Но, да се има право на учество не е доволно, се додека на младите не им се даде и можност, поддршка и знаење да го искористат тоа право. Општина Новаци ги поддржува и мотивира младите да се вклучат во секакви активности и акции во локалната заедница.

Овозможувањето на младите да учествуваат во нивната заедница не е само помагање на младите да го споделат своето мислење. Истовремено, станува збор за поддршка на младите луѓе да ги искусат можностите и предизвиците за учество и вклучување во животот во заедницата. За учеството да биде реално и значајно за младите, не е доволна само нивна посветеност, туку бара силна и трајна посветеност од сите останати чинители, а особено од локалните власти.

### *Моментална состојба*

Моменталната состојба согласно спроведеното примарно истражување говори дека половина од испитаниците сметаат дека младите не се вклучени во носењето на одлуки

во локалната самоуправа, околу 1/3 немаат информација, додека само 17.31% имаат позитивен став по прашањето.




*Графикон 1. Вклученост на младите во носење на одлуки во локалната самоуправа*

Ваквите бројки не се многу различни од податоците на национално ниво, според кои 75% од младите досега не биле вклучени од институциите при носењето на одлуки.[1]

Младите во Општина Новаци се повеќе вклучени надвор од формалните институции, каде нивното учество не зависи од формални органи и тела. Така, мнозинство од младите во Новаци имаат искуство во волонтирање за општествено корисна цел што укажува на нивната високо развиена општествена свест.

Од друга страна, направените анализи покажуваат дека младите во Општина Новаци слободното време најчесто го користат за дружба со пријателите, на социјалните мрежи, но и преку спортски и културни активности. Локалната самоуправа преку Службеникот за млади манифестира отвореност кон младите и промовира нивно активно вклучување во општествените процеси. Но, таквата политика на вклученост е препознаена од 47% од младите кои беа вклучени во истражувањето, а кои се согласуваат дека возрасните во општината имаат доверба во младите да ги вклучат во носењето одлуки. Толкав е и процентот на млади кои се оптимисти и кои веруваат дека младите можат да влијаат на општината и да бараат одговорност.

[1] https://www.wfd.org/sites/default/files/2022-05/WFD%20-%20infografici%202022%20za%20web.pdf (пристепено на 11.10.2023 година)

Младите од Новаци се значително поголеми оптимисти во споредна со младите на национално ниво, каде според едно истражување речиси 8 од 10 млади луѓе сметаат дека воопшто не можат да влијат врз тоа што и како работат властите.[2]

Значаен предизвик за младите во Новаци е недостатокот на информации за можностите каде и како можат активно да се вклучат, а значителен процент (38%) не веруваат дека нивното учество може да резултира со извесна промена.

Нешто повеќе од 1/3 од испитаниците сметаат дека младите не знаат како да бидат општествено активни, што повторно укажува на слабостите на информирањето.

Младите од Општина Новаци најчесто се информираат преку социјалните медиуми (77%), по што следат врсниците (63%) и пријателите/роднините (52%).




*Графикон 2. Најчести канали за информирање на младите*

Општина Новаци ја има исполнето обврската за формирање на Локален младински совет, но само 19% од испитаниците се запознаени со оваа информација. Тоа упатува на недоволна промоција на советот меѓу младите и укажува на потребата членовите на советот да поработат на зближување до младите. Истото се однесува и на именуваниот

[2] https://www.wfd.org/sites/default/files/2022-05/WFD%20-%20infografici%202022%20za%20web.pdf (пристепено на 11.10.2023 година)

Службеник за млади со чие постоење се запознаени само 17% од младите испитаници. Ваквите резултати повторно ја потврдуваат потребата од унапредување на транспарентноста на општината и доближување до младите.

Од друга страна, општината ја препознава потребата на младите да се информираат, па сите информации ги објавува на официјалната општинска веб страна, како и на социјалните мрежи, а постои можност и за лични средби во Локалната самоуправа.

Незадоволството од општинското информирање веројатно се должи на диспаритетот на она за што општината известува и видот на информации кои се од интерес за младите. Така, најмногу од испитаниците сакаат да се информираат за можности за младински размени во странство, по што следат интересите за концертни и информации за музички настани. Младите од Новаци главно не сакаат вести со политичка содржина.

### *Стратешка рамка*

Учеството и вклученоста на младите во демократскиот живот на секоја заедница не се сведува само на гласање или кандидатура на избори, иако тоа се исто така важни елементи, туку учеството на младите имплицира дека младите имаат права, средства, простор и можност да учествуваат во одлуките и да влијаат врз нив и да се вклучат во процедури и активности со цел да придонесат за градење на подобро општество и нивна подобра положба на локално и национално ниво.

Учеството на младите бара стекнување вештини или зајакнување на постоечките вештини, што подразбира постепен и континуиран процес на учење. Првото ниво на инклузија на младите кое се одвива во нивната најблиска средина (училиште, локална заедница, град, младински центар, здружение) е од клучно значење за идниот развој. Младите кои се вклучуваат уште од мали нозе добиваат самодоверба и животно искуство. Дополнително, секое вклучување носи промени, кои често се видливи, опипливи и позитивни. На ова ниво, младите имаат шанса да го дадат своето мислење и да учествуваат во процесот на донесување одлуки.

Согледувајќи ја актуелната состојба, Општина Новаци се залага во соработка со Агенцијата за млади и спорт, младинските организации и други релевантни чинители да започне со подготовки за отворање на Младински центар.

Дополнително, преку поголема промоција и приближување на Локалниот младински совет до младите во Новаци, истите ќе бидат значително повеќе вклучени во носењето на одлуки и креирање на јавни политики од интерес на младите. Локалниот младински совет ќе делува како катализатор за видливост и решавање на проблемите на младите, особено оние кои припаѓаат на ранливи групи.

***SWOT анализа***

| **Јаки страни** | **Слаби страни** |
|---|---|
| - Постоење на Законот за младинско учество и младински политики<br>- Постоење на Службеник за млади<br>- Постоење на локален Совет за млади | - Недостаток на интерес кај младите за младински активизам<br>- Недоволен број младински организации<br>- Неинформираност на младите за понудите во Општина Новаци<br>- Слаба достапност на информации за младински активизам<br>- Отсуство на функционален младински центар за младинска работа и информирање |
| **Можности** | **Закани** |
| - Прилагодување на општинскиот профил на социјалните мрежи на потребите на младите<br>- Зајакнување на соработката на | - Мал број млади луѓе во општината, според пописот од 2021 година во Општина Новаци има само 398 млади<br>- Заминување на младите поради |

| | |
|---|---|
| општината со (младински) организации<br>- Можности за лични средби со млади во општината | незадоволни основни животни потреби во градот |

| **Област 1 – МЛАДИНСКО УЧЕСТВО** | | |
|---|---|---|
| **Стратешка цел 1.1: Формиран Локален младински совет кој успешно ги застапува потребите и интересите на младите пред Советот на општината, локалните институции и останатите чинители** | | |
| | **Резултати** | **Индикатори** |
| 1.1.1 | ЛМС поднесува најмалку 3 младински иницијативи на годишно ниво | • Обновен младинскиот центар |
| 1.1.2 | ЛМС има функционален механизам на редовно консултации со младите за идентификување младински иницијативи | • Зголемен број на посетеност, прегледност, споделување за 25% |
| **Мерки по цел 1.1:**<br>• Редовна посета на обука , сертифицирање на младинскиот работник<br>• Обуки за локалниот младински совет за да подготвување за изработка на проекти<br>• Одржување на редовни консултативни средби со останатите млади од општината | | |
| Стратешка цел 1.2: **Отворен Младински Центар** | | |
| | **Резултати** | **Индикатори** |
| 1.2.1 | Младинскиот центар реализира најмалку 10 активности годишно | • Отворен младински центар и обучени 10 волонтери кој што ќе бидат вклучени во работата |
| 1.2.2 | Зголемена понуда за културниот и забавниот живот | • Организиран минимум еден нов културно-уметнички настан |
| 1.2.3 | Организирање акции за заштита на животната средина | • Реализирани најмалку 2 акции за промоција и заштита на животната средина |
| **Мерки по цел 1.2:** | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • Изработка на годишен план<br>• Обезбедување на финансиски средства за неговото програмско работење<br>• Остварување на соработка со други младински центри | | | |
| **Стратешка цел 1.3: Младите се информирани и вклучени во јавниот живот и локалната самоуправа преку различни канали на информирање, вклучувајќи ги и социјалните мрежи** | | | |
| | **Резултати** | **Индикатори** | |
| 1.3.1 | Зголемен обем на информации коишто се однесуваат на културниот и забавниот живот во општината | • Зголемување на информациите на официјалните страни на општината кои се однесуваат на културно забавниот живот | |
| 1.3.2 | Зголемени активности од областа на културата, забавниот живот и спортот | • Зголемен број на посетеност, прегледност, споделување за 25% | |
| **Мерки по цел 1.3:**<br>• Отворање на интернет веб - страна и фан- страна за младинскиот центар<br>• Одржување на презентации во локалните институции | | | |

## Приоритетна област II: Култура и спорт

Стратегијата за млади на Општина Новаци има за цел да го зајакне пристапот и учеството на младите во културата и спортот уште од рана возраст, а со тоа да промовира личен развој, зголемени способности за учење, интеркултурни вештини, разбирање и почитување на културната различност.

Слободното време, спортските, културните активности и настаните што ги водат младински групи и други клубови и организации играат многу важна улога во животот на младите луѓе. Во многу заедници нема доволно интересни или возбудливи активности за младите. Овие активности и настани не само што им помагаат на младите да научат нови работи, тие исто така им овозможуваат на младите да запознаат нови пријатели и да ги изградат своите вештини.

Согласно Националната стратегија за млади 2023-2027, состојбите во културата кај нас укажуваат на потребата од зголемување на просторот и можностите за културно

изразување на младите, поголема вклученост во креирањето на културни политики и подобар пристап до културни содржини од интерес за младите. Поаѓајќи од ова, тематската област „Култура” се стреми кон задоволување на улогата на младите како креатори на културни содржини, како учесници во културни програми и како публика. Тоа подразбира и достапна инфраструктура како простор за работа, креација и следење на културни содржини, современо образование и можност за професионална работа во полето, како и поддршка на соработката помеѓу младите во домашен и меѓународен контекст, која ќе придонесе во градење на кохезивни заедници.

### *Моментална состојба*

Врз основа на резултатите од спроведеното примарно истражување, само 17% од младите во Новаци се целосно задоволни од понудените културни содржини во општината. Половина од младите испитаници се делумно задоволни, додека 33% воопшто не се задоволни.

Младите сметаат дека во општината недостигаат повеќе забавни паркови и отворени фестивали, културно-уметнички манифестации, како и подобрена инфраструктура во областа на културата (кино, театар, студија и сл.).




*Графикон 3. Недостатоци во културниот живот во Општина Новаци*

Што се однесува до спортските активности, 25% од младите во Новаци се целосно задоволни од условите за спорт во општината, додека 56% се делумно задоволни, а 19% воопшто не се задоволни.

Притоа, младите сметаат дека постоечките спортски сали и терени не се подеднакво достапни за сите. Понатаму, одреден процент на млади негодуваат и на недостаток на спортски терени на отворено, како и на недостаток на финансиска поддршка од општината за успешни млади спортисти.




*Графикон 4. Недостатоци во спортскиот живот во Општина Новаци*

### *Стратешка рамка*

Општината ги разбира и ги уважува потребите и интересите на младите и ќе продолжи да се залага за унапредување на културниот и спортско-рекреативен живот на младите.

Придобивките од спортот се многубројни и можат да влијаат на животот на младиот човек. Учеството во тимските спортови промовира здравје и благосостојба, гради самодоверба и може да помогне во одржувањето на менталното здравје.

Општина Новаци ќе ги зајакне напорите во промоција и развој на спортот уште повеќе имајќи предвид дека активното спортување го намалува ризикот од употреба на

супстанции кај младите луѓе кои спортуваат наспроти оние кои не се занимаваат со спорт, вклучувајќи употреба на алкохол, пушење и употреба на психотропни супстанци.

Спортот го одгласува реалниот живот: има конкуренција, тимска работа, победа, загуба, конфликт и разрешница. Да се биде дел од спортски тим учи на вредноста да се внимава на другите, да се развие доверба и самодоверба и да се покаже почит кон својот тим, но и кон другите соиграчи.

Општина Новаци се води од максимата дека здравите животни навики го подобруваат здравјето на младите. Спортот, особено за рекреативни цели, е важно да биде достапен за сите млади луѓе, без разлика на нивната финансиска состојба и место на живеење.

Во таа насока општината се залага за унапредување на условите за рекреативно и професионално спортување на младите, но и за промоција на придобивките од спортување по физичкото и ментално здравје.

***<u>SWOT анализа</u>***

| **Јаки страни** | **Слаби страни** |
|---|---|
| - Постоење на Законот за младинско учество и младински политики<br>- Постоење на здруженија и клубови (Спортски клуб, Друштво за лов и риболов, КУД за негување на фолклорот-песни, ора и танци)<br>- Постоење на одредени манифестации: Традиционални Пелагониски културно-научни средби, Мариовски ракувања и др. | - Просторни капацитети за млади луѓе<br>- Недоволен број младински организации<br>- Неинформираност на младите за понудите во Општина Новаци<br>- Слаба достапност на информации и културни и спортски настани во руралните средини<br>- Отсуство на функционален младински центар за младинска работа и информирање<br>- Недостиг на спортски терени за |

| | |
|---|---|
| | рекреативни спортови |
| **Можности** | **Закани** |
| - Новаци, центар на културен и спортски туризам во Пелагонија<br>- Зајакнување на постоечките и формирање нови организации од областа на културата и спортот<br>- Создавање простор за млади, градење или менување на намената на постоечките објекти<br>- Можности за млади: културно уметничко лето во Новаци, Етно фест, Арт фестивал | - Мал број млади луѓе во општината, според пописот од 2021 година во Општина Новаци има само 398 млади<br>- Заминување на младите поради незадоволни основни животни потреби во градот<br>- Недостаток на финансиски средства за збогатување на културниот живот на младите<br>- Недостаток на финансиски средства за изградба/реновирање на спортски сали |

| **Област 2 – КУЛТУРА И СПОРТ** | |
|---|---|
| **Стратешка цел 2.1: Обезбедување на активен однос на Локалниот младински совет и Младинскиот центар со цел зголемување на спортската и културната понуда заради задоволување на потребите и интересите на младите од областа на културата и спортот** | |
| **Резултати** | **Индикатори** |
| 2.1.1. Организирање 2 културни настани на годишно ниво: ораторска вечер, стенд-ап комедии, традиционални игри и ора и сл. | • Организирани 2 културни настани годишно |
| 2.1.2. Организирање 2 спортски настани на | • Организирани 2 спортски настани годишно |

<table>
<tr><td colspan="2">годишно ниво</td></tr>
<tr><td colspan="2">Мерки по цел 1.1:<br>• Организирање на манифестации и активности кои што ќе придонесат за понудата на младите<br>• Организирање на културни и спортски настани во Општина Новаци<br>• Промоција на придобивките по здравјето на младите од спорт и спортски активности</td></tr>
<tr><td colspan="2">Стратешка цел 2.2: Подобрување на условите за <u>организирање</u> на културните и спортските активности</td></tr>
<tr><td>Резултати</td><td>Индикатори</td></tr>
<tr><td>2.2.1. Подобрени услови за културни и спортски активности преку набавени реквизити за културните и спортските настани</td><td>• Зголемен број на спортски и културни настани за 30% претходната година<br>• Зголемен бројот на млади учесници во спортските и културните настани за 30% на претходната година</td></tr>
<tr><td colspan="2">Мерки по цел 2.2:<br>• Изработка на годишен план за организација на културни и спортски активности<br>• Обезбедување на финансиски средства за организација на културни и спортски активности и набавка на спортски реквизити</td></tr>
</table>

### Приоритетна област III: Претприемништво и поддршка при вработување

Невработеноста ги погодува младите двапати почесто од возрасните во повеќето европски земји и е една од главните причини за сиромаштијата. Поради високата стапка на невработеност кај младите, голем број европски земји го интензивираа воведувањето мерки на активни политики за вработување, на национално и локално ниво, со цел да се зголеми вработеноста на најранливите групи на население, вклучително и младите. луѓе. Високи стапки на младинска невработеност се присутни и во земјите-членки на ЕУ, а на младинската невработеност не е имуна ниту РСМ.




*Графикон 5. Стапки на невработеност на младите (15-29) во РСМ*

Извор: [https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__PazarNaTrud__StapkiDrugiIndikatori/088_PazTrud_Mk_StapNev_ml.px/chart/chartViewColumn/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-4e5f7ec5ef](https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__PazarNaTrud__StapkiDrugiIndikatori/088_PazTrud_Mk_StapNev_ml.px/chart/chartViewColumn/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-4e5f7ec5ef) (пристапено на 11.10.2023 година)

Согласно последниот попис на населението од 2021 година, вкупно 46 млади лица од Општина Новаци се изјасниле како невработени активни баратели на работа, што е околу 12% од вкупниот број млади (15-29 години) во општината. Од друга страна, 177 млади лица, односно 44% од младите се невработени, но активно не бараат работа. Од нив поголем дел сѐ уште се во образовниот процес.

Еден можен начин за справување со невработеноста кај младите е да се поддржат младите во создавањето на сопствени бизниси. Во време на интензивна дигитализација и технолошки развој, младите се повеќе отстапуваат од традиционалните можности за кариера и начините на активирање на пазарот на трудот и се повеќе се интересираат за започнување сопствен бизнис. Следствено на тоа, неопходно е преку генерирање на

соодветни мерки да се стимулираат младите да започнат сопствен бизнис (стартап), но и да се создаде поддржувачка средина за негово одржување и развој.

Младинското претприемништво може да се дефинира како процес во кој креативните и иновативните идеи се трансформираат во претпријатија иницирани и управувани од млади луѓе. Младинското претприемништво обезбедува раст на вработеноста, вклучување на младите во пазарот на труд и нивна самореализација.

Но, младите неретко се соочуваат со голем број клучни бариери за создавање бизнис и самовработување, вклучително и недостаток на модели за претприемништво (на пр. родителите и наставниците можеби не се искусни со претприемништво), недостаток на искуство на пазарот на трудот, недостаток на претприемачки вештини, ниски нивоа на заштеди.

Повеќето земји користат различни политики и програми за младинско претприемништво за да ги поттикнат и поддржат младите во креирањето бизнис. Пристапите вклучуваат образование за претприемништво, програми за обука (надвор од образованието), коучинг и менторство за претприемништво, бизнис инкубатори и субвенционирање.

Креаторите на политики би можеле да сторат повеќе за да им помогнат на младите претприемачи да создадат одржливи бизниси преку поддршка на иновативни идеи, кои ќе ги зголемат шансите за успех.

### *Моментална состојба*

Спроведеното истражување покажа дека големо мнозинство од младите во Општина Новаци (79%) повеќе би сакале да станат претприемачи и да започнат сопствен бизнис, отколку да работат за друг работодавач.

На патот до започнување со сопствен бизнис како најголема пречка младите ги издвојуваат финансиите, односно недостатокот на финансиски средства (44%), по што следат недостатокот на вештини и знаења за водење на сопствен бизнис (27%). Само 27% сметаат дека општината поддржува програми за младинско претприемништво. Околу 1/3 сметаат дека отсуството на локална политика за економски развој е причина за младинска

невработеност. Како дополнителни фактори се идентификувани недоволната квалификуваност на младата работна сила, како и недостатокот на интерес кај младите за работен ангажман.

Загрижувачки податок е дека 62% од младите во Општина Новаци би се преселиле во друг град/населено место во потрага по подобри можности за работа. Анализата на двата последни пописи во државата покажува дека над 77.000 млади лица коишто се родени во РСМ заминале во странство во последните неколку години. Младинската емиграција е сериозен проблем на регионално и национално ниво, а одредени истражувања покажуваат дека главни причини поради кои младите си заминуваат од државата е неможноста да добијат квалитетно образование и потоа да се вработат.[3]

### *Стратешка рамка*

Општина Новаци се залага за унапредување на младинското вработување, овозможување на достојна работа на младиот човек, како и следење на глобалните текови во поглед на подобрување на условите за започнување со сопствен бизнис.

Имајќи ја предвид тесната поврзаност на претприемништвото и претприемачките вештини со образованието, но и со информираноста во поглед на можностите за самовработување, општината ќе се залага за зголемување на бројот на обуки за младинско претприемништво, но и за соодветно пренесување на информациите до младите.

Во делот на образованието особено е важна Стратегијата за образование (2018 – 2025) која има детално развиени цели и приоритети, додека некои од главните приоритети се: стручно образование и обука; високо образование – истражување и иновации, учење и образование на возрасни. Во Стратегијата се потенцира дека ќе се промовира претприемничкото учење. Во моментов, наставната програма во основното училиште содржи само еден предмет под наслов Иновации (во деветто одделение), додека во средното образование се нудат предмети како Иновации и претприемништво (средно

[3] https://fokus.mk/brojot-na-mladi-luge-megu-dva-popisa-se-namalil-za-shest-protsenti/ (пристапено на 11.10.2023 година)

училиште, 1-3 години) и Бизнис и претприемништво (средно или 4. година средно училиште).[4]

Повеќе години на национално ниво, Агенцијата за вработување на РСМ предвидува годишни програми и мерки за самовработување, односно поддршка за невработени лица да започнат или формализираат сопствен бизнис. Ваквата поддршка е наменета за повеќе категории на граѓани, меѓу кои и невработени млади лица до 29 години и истата вклучува неповратни средства за основање на бизнис, финансирање на дел од трошокот за регистрација на правен субјект, поддршка за дополнително вработување на невработени лица со попреченост, како и невработени млади лица до 29 години.

Воедно, на национално ниво предвидени се и обуки за претприемништво и развој на претприемачки вештини.

Имајќи предвид дека недостатокот на вештини и знаења за водење на сопствен бизнис беше идентификувана како една од главните пречки за започнување со сопствен бизнис, Општина Новаци ќе работи на поголема промоција на постоечките национални програми, но и за зголемување на бројот на локални обуки за развој на претприемачки вештини. Општината ќе се вклучи во промовирање на младинското претприемништво како економска активност која би помогнала во намалување на невработеноста.

При остварување на наведените цели општината ќе примени холистички пристап, односно унапредувањето и промоцијата на младинското претприемништво ќе се одвива во соработка со Фондот за иновации и технолошки развој, Агенцијата за поддршка на претприемништво, Националниот центар за развој на иновации и претприемачко учење, успешни бизнис стартапи, младински организации и други релевантни чинители на локално и национално ниво.

***SWOT анализа***

[4] Младинско претприемништво: ограничувања и бариери за отпочнување и раководење со сопствен бизнис (стартап) од страна на младите луѓе. Младински образовен форум, 2022 (преземено од https://mof.mk/wp-content/uploads/2022/02/Mladinsko-pretpriemnishtvo-Ogranichuvana-i-barieri-za-otpochnuvane-i-rakovodene-so-sopstven-biznis-startap-od-strana-na-mladite-luge.pdf, пристапено на 11.10.2023 година)

| **Јаки страни** | **Слаби страни** |
|---|---|
| - Подготвеност за дополнителна едукација и професионален развој на младите<br>- Подготвеност за волонтерска работа (да се стекне работно искуство)<br>- Развиен граѓански сектор во одредени области што може да придонесе за спроведување на Стратегијата<br>- Голем број млади луѓе имаат пристап до интернет;<br>- Младите знаат барем еден странски јазик (главно англиски) | - Недоволна информираност кај младите за постоечките програми за поддршка на вработувањето<br>- Неусогласеност на образовниот систем со потребите на пазарот на трудот<br>- Неразвиена навика и свест за започнување сопствен бизнис<br>- Недостаток на финансии за започнување сопствен бизнис<br>- Недостаток на иницијативи за младите да останат во руралните средини<br>- Недоволна институционална поддршка за вработување на млади луѓе<br>- Недостаток на систематски програми за преквалификација и доквалификација |
| **Можности** | **Закани** |
| - Развивање програма за неформално образование за поддршка на младите претприемачи<br>- Промоција на претприемачки начин на размислување | - Продолжување на трендот на иселување на младите од Општина Новаци<br>- Отсуство на волја за реформа на образовниот систем, со што ќе се земат предвид потребите на домашниот пазар на трудот |

| | |
|---|---|
| - Финансиска поддршка на младите претприемачи<br>- Користење на ЕУ и други странски фондови<br>- Поголема поддршка од граѓанскиот сектор за креирање на модел за поддршка на младинското вработување<br>- Промоција на моделот на е-бизнис | - Незаинтересираност на индиректните корисници за спроведување на мерките поврзани со вработување и претприемништво на младите<br>- Продолжување на трендот на корупција и непотизам при вработувањето на младите<br>- Незаинтересираност на финансиските институции за кофинансирање на претприемачки потфати од страна на младите<br>- Создавање негативна слика за медиумите за општата состојба на општеството, што негативно влијае на претприемачките амбиции на младите. |

| **Област 3 – ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ПОДДРШКА ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ** | |
|---|---|
| **Стратешка цел 3.1: Создавање на подобри услови за отпочнување на мали семејни бизниси и обезбедување на ресурси и капацитети за нивно отпочнување** | |
| **Резултати** | **Индикатори** |
| **3.1.1.** Создадени услови за нови семејни бизниси | • Број на новоотворени бизниси во општината водени од млади |
| **Мерки по цел 1.1:**<br>• Организирање на инфо сесии за промоција за оперативниот план при АВРСМ наменети за претприемништво | |
| Стратешка цел 3.2: **Младите се едуцирани и поддржани во нивните претприемнички вештини** | |

| Резултати | **Индикатори** |
| --- | --- |
| **3.2.1** Зголемена е понудата за обука и претприемништво | • Број на вклучени млади во обуките за претприемништво<br>• Број на одржани обуки |
| **Мерки по цел 3.2:**<br>• Одржана е една обука во текот на годината за претприемништво (зелен бизнис) | |

## Останати области на делување

Имајќи ја предвид ограниченоста на ресурсите и желбата и потребата да се донесе прагматична, применлива и одржлива стратегија, Општина Новаци согласно претходно спроведеното истражување акцентот го стави на наведените три стратешки цели разработени како посебни области на делување.

Но, уважувајќи ја потребата од унапредување на животот на младите во сите сфери на нивното живеење, општината ќе презема континуирани мерки за унапредување и развој и во други области.

### *Младинска работа*

Истражувањето покажа дека според ¾ од младите испитаници во Општина Новаци недостигаат обуки за млади. Следејќи го трендот на дигитализација и техничко-технолошкиот развој, младите најмногу имаат потреба од обуки за дигитални вештини, по што следат обуките за личен развој и обуките за кариерен развој.




*Графикон 6. Вид на обуки кои им се потребни на младите*

Општина Новаци се стреми во соработка со формалните образовни установи, но и со граѓанскиот сектор да ја зајакне понудата на бараните обуки за млади.

Воедно, општината се залага и за поголема промоција на постоечките можности за обуки за млади кои се нудат од граѓански организации, меѓународни организации, но и други организации и тела, а за поголема достапност на информациите до младите ќе се потрудат Службеникот за млади, како и Советот на млади во општината. Дополнително, информациите за обуките но и други можности за млади ќе продолжат да се дистрибуираат јавно преку онлајн каналите на општината.

## *Образование*

Согласно спроведеното истражување 25% од младите во Општина Новаци сметаат дека главен недостаток на училиштата во општината е немањето на соодветни наставни материјали, а исто толкав процент смета дека главен недостаток е непостоењето на младински клуб, средношколски сојуз или друга форма на младинско здружување.

Само 15% од испитаниците сметаат дека образовниот процес ги подготвува младите за вклучување на пазарот на труд, само 23% сметаат дека формалното образование им

овозможува стекнување со животни вештини и само 25% сметаат дека училиштата охрабруваат критичко мислење кај младите.




*Графикон 7. Ставови на младите за образованието во општината*

Општина Новаци се залага за квалитетно образование и воспитание на младите генерации и нивно вклучување во севкупниот развој на македонското општество. На подрачјето на Општина Новаци успешно работи ОУ „Славко Лумбарковски" со седум четиригодишни подрачни училишта во селата: Далбеговци, Агларци, Добромири, Рапеш, Рибарци, Живојно и Гермијан, и едно деветгодишно подрачно училиште во селото Бач.

Локалната самоуправа во својот делокруг на надлежности може да презема активности и иницијативи со Министерство за образование и наука во насока на спроведување на националните политики за квалитет на образованието, усовршување на наставниот материјал, како и лобирачки активности со цел унапредување на меките вештини на младите и нивна подготовка за успешно вклучување на пазарот на труд.

Дополнително, Локалната самоуправа во соработка со училиштата може да спроведуваат консултативни состаноци со бизнис заедницата за да се испитаат можностите за инволвирање на бизнисот во спроведување на практичната настава.

### *Здравство*

Повеќето од испитаниците својата здравствената состојба ја опишале како одлична (46%), многу добра и добра/просечна (по 23%), но не се за занемарувањето и 8% од испитаниците кои својата здравствена состојба ја опишале како многу лоша.

Мнозинство од испитаниците изјавиле дека никогаш не употребиле дрога (79%), а 48% учествувале на презентација за штетните ефекти од конзумирање на дрога и психотропни супстанци. Околу 1/3 сметаат дека се запознаени со разните ментални состојби, нивните причини и симптоми. Помал дел од нив одговориле дека се соочиле со предизвици по нивното ментално здравје (15%), а истиот процент и се обратиле на психолог/психотерапевт.

Само 17% од испитаниците одговориле дека локалните институции/организации редовно ги едуцираат младите за менталното здравје и последиците од конзумирање на психотропни супстанци, што е индикатор за потребата од засилена едукативна кампања во која покрај формалните институции би се вклучил и граѓанскиот сектор. Според 1/2 од испитаниците ваквата едукација е повремена, додека 1/3 сметаат дека воопшто не ги едуцираат.




*Графикон 8. Ставови за здравствени прашања*

Здравјето на младите е особено важна тема за секоја земја, земајќи предвид дека здравјето на младите ја обезбедува иднината на таа земја. Согласно Светската здравствена организација здравјето е состојба на целосна физичка, психичка и социјална благосостојба, а не само отсуство на болест или телесни недостатоци. Токму затоа мора да се зајакне грижата за здравјето на младите.

Според УНИЦЕФ: „До 20 проценти од адолесцентите на глобално ниво доживуваат ментални нарушувања. Три од четири проблеми со менталното здравје на возрасните лица започнуваат во детството и адолесценцијата, а алармантен дел од адолесцентите, 5 - 10 проценти во земјите со високи приходи и 15 проценти во земјите со средни и ниски приходи имаат обид за самоубиство“.[5] Воедно, „се проценува дека три четвртини од проблемите со менталното здравје се појавуваат пред 25тата година.“[6]

[5] https://www.unicef-irc.org/research/mental-health (пристапено на 12.10.2023 година)
[6] Здружение на граѓани Младите можат, Грижа за менталното здравје на млади, февруари 2022 година, преземено од

Оттука, Општина Новаци во соработка со релевантни институции и организации, поддржува систематски кампањи за ментално здравје. Воедно, потребна е континуирана едукација и обука за менталното здравје на младите и рушење на стереотипизацијата од посета на стручни лица (психолози/психотерапевти).

Покрај менталното здравје, Општина Новаци ќе се залага и за поголема промоција и едукација на младите за здрави животни навики.

### *Безбедност (насилство)*

Особено значаен и надоврзан сегмент на здравствената заштита на младите е нивната безбедност. Висок процент на млади (71%) потполно или делумно се чувствуваат прифатени/почитувани од средината и 69% потполно или делумно се чуствуваат безбедно (дома, на училиште/факултет, на улица, на работа). Дополнително, нешто повеќе од половина од испитаниците (60%) изразиле задоволство од животот во Новаци (потполно или делумно).

Иако мнозинство од испитаниците изјавиле дека се чувствуваат безбедно, сепак 67% сметаат дека недостигаат редовни кампањи за превенција на врсничко/младинско насилство. Следствено на тоа, 44% посочуваат дека младите често се жртви на физичко насилство, додека 54% сметаат дека младите често се жртви на онлајн насилство.

Ваквите наоди укажуваат на потребата да се поработи на превенција на насилничко однесување меѓу младите во виртуелната, но и физичка реалност, уште повеќе ако се земе предвид дека 29% од младите испитаници биле жртви на насилство, додека 38% сведочеле младинско насилство.

Размислувајќи за иднината, младите од Новаци најмногу се плашат од неизлечиви болести (46%). Потоа следат корупцијата и криминалот со 40% од одговорите и војната/терористички напади/вооружени конфликти со 38% од одговорите.

---

https://youthcan.org.mk/wp-content/uploads/2022/03/Publikacija-MM-%D0%9C%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%BE-%D0%97%D0%B4%D1%80%D0%B0%D0%B2%D1%98%D0%B5.pdf (пристапено на 12.10.2023 година)




*Графикон 9. Најголеми стравови за иднината*

Според Wolfers „безбедноста, во објективна смисла го мери отсуството на закани кон прифатените вредности, а во субјективна смисла отсуството на страв дека таквите вредности ќе бидат нападнати“.[7]

Општина Новаци во рамки на својот делокруг на работа, во соработка со надлежните институции (здравствени установи, училишта) и граѓански организации кои работат во оваа област ќе работи на превенција на девијантни појави меѓу младите и зголемување на објективната и субјективна безбедност. Воедно, општината ќе работи на подобрување на инфраструктурата во јавниот простор (улично осветлување и слично) што ќе придонесе за зголемување на безбедноста на младите.

Во соработка со Министерството за внатрешни работи ќе се овозможат зачестени безбедносни контроли во фреквентни места со цел поголема заштита на младите и превенција на насилно однесување.

[7] Arnold Wolfers, “National Security as an Ambiguous Symbol”, Political Science Quarterly, 67/4, декември 1952, стр. 167-168.

# АКЦИСКИ ПЛАН НА ОПШТИНА НОВАЦИ 2024 - 2029

| ОБЛАСТ 1: МЛАДИНСКО УЧЕСТВО | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Цел 1.1: Формиран Локален младински совет кој успешно ги застапува потребите и интересите на младите пред Советот на општината, локалните институции и останатите чинители** | | | | | |
| **Резултат 1.1.1:** ЛМС поднесува најмалку 3 младински иницијативи на годишно ниво | | | | | |
| **Реден број** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Месец и Година на спроведување** | **Индикатори** | **Индикативен финансиски план** |
| **1.1.1.1** | Поднесување иницијатива за избор на нови членови на ЛМС | Младите од Општина Новаци и ЕЛС Новаци | Прв квартал на 2024 г | Обновен ЛМС | |
| **1.1.1.2** | Обука за сертифицирање на еден младински службеник | Про локал | 2024 г. | Сетифициран еден младински службеник | |
| **1.1.1.3** | Посета на обуки на членовите на ЛМС за подготовка и пишување на проекти | Донатори, Про локал | Тековно - континуирано | Обучени членови на ЛМС за пишување и подготовка на проекти | |
| **1.1.1.3** | ЛМС поднесува иницијативи до Советот на општината за најмалку 3 потреби на младите | Членови на ЛМС Новаци ЕЛС Новаци | Мај, септември и декември 2024 | Поднесени 3 инцијативи до Советот на Општина Новаци | |
| **Резултат 1.1.2:ЛМС има функционален механизам на редовни консултации со младите за идентификување младински иницијативи** | | | | | |
| **1.1.2.1** | Редовни состаноци и консултативни средби со младите од Општина Новаци | Локален младински совет | Тековно - континуирано | Еднаш месечно одржан состанок на ЛМС со младите луѓе од Општина Новаци | / |
| **Цел 1.2: Отворен Младински Центар** | | | | | |
| **Резултат 1.2.1:Младинскиот центар реализира најмногу 10 активности годишно** | | | | | |
| **Реден број** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Месец и Година на спроведување** | **Индикатори** | **Индикативен финансиски план** |
| **1.2.1.1** | Изработка на годишен план | Организација која раководи со МЦ | Прв кавртал 2024 г. | Поднесен годишен план за работа на МЦ до ЕЛС | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.2.1.3** | Организирање на акции за чистење | МЦ на Општина Новаци, ЈКП Комунална хигиена и ЕЛС Новаци | Тековно - континуирано | Организирана 1 акција годишно | 144.000,00 |
| **1.2.1.4** | Организирање на акции за пошумување | МЦ на Општина Новаци, ЈКП Комунална хигиена и ЕЛС Новаци | Тековно - континуирано | Организирана 1 акција годишно | 144.000,00 |
| **1.2.1.5** | Организирање настани и активности за збогатување на културниот и забавниот живот на младите во Општина Новаци | МЦ на Општина Новаци, ЕЛС Новаци | Тековно - континуирано | Организирани 3 настани годишно | 360.000,00 |
| **1.2.1.6** | Организирање на обуки и работилници на теми актуелни за младите | МЦ на Општина Новаци, Про локал, ЕЛС Новаци | Тековно - континуирано | Организирани 3 обуки и работилници годишно | 72.000,00 |
| **1.2.1.7** | Остварување соработка со други младински центри од државата и странство | МЦ на Општина Новаци | Тековно - континуирано | Остварени 2 соработки годишно со други МЦ низ државата и странство | / |
| **Цел 1.3: Младите се информирани и вклучени во јавниот живот и локалната самоуправа преку различни канали на информирање, вклучувајќи ги и социјалните мрежи** | | | | | |
| **Резултат 1.3.1:Зголемен обем на активности и информации кои се однесуваат на спорт, култура и забавен живот на младите** | | | | | |
| **Реден број** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Месец и Година на спроведување** | **Индикатори** | **Индикативен финансиски план** |
| **1.3.1.1** | Изработка на веб страна на МЦ | МЦ на Општина Новаци, | 2024 | Публикувана веб страна на МЦ на Општина Новаци | 30.000,00 |
| **1.3.1.2** | Обезбедување на повеќе информации за спорт, култура и забава | ЛМС, МЦ на Општина Новаци, ЕЛС Новаци | Тековно - континуирано | Зголемен обем за 25% на информации за настани од областа на спорт, култура и забава | / |
| **1.3.1.3** | Организирање на настани и презентации од областа на спорт, култура и забава | ЛМС, МЦ на Општина Новаци, ЕЛС Новаци | Тековно - континуирано | Зголемен број на организирани настани за 5% | 180.000,00 |
| **ОБЛАСТ 2: КУЛТУРА И СПОРТ** | | | | | |
| **Цел 2.1: Обезбедување на активен однос на Локалниот младински совет и Младинскиот центар со цел зголемување на  спортската и** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **културната понуда заради задоволување на потребите и интересите на младите од областа на културата и спортот** | | | | | |
| **Резултат 2.1.1:Организирани повеќе културни настани ( ораторска вечер, стенд ап комедја, традиционални игри и ора и сл.** | | | | | |
| **Реден број** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Месец и Година на спроведување** | **Индикатори** | **Индикативен финансиски план** |
| **2.1.1.1** | Организирање на разни културни настани и манифестации | МЦ на Општина Новаци, ЕЛС Новаци | Тековно - континуирано | Организирани 2 културни настани годишно | 1.000.000,00 |
| **Резултат 2.1.2:Зголемена понуда на организирани спортски настани** | | | | | |
| **2.1.2.1** | Организирање на разни спортски настани и манифестации | МЦ на Општина Новаци, ЦОУ Славко Лумбарковски Новаци, приватни спортски клубови И ЕЛС Новаци | Тековно - континуирано | Организирани 2 спортски настани годишно | 1.800.000,00 |
| **2.1.2.2** | Организирање на работилници за придобивките по здравјето на младите од спортот и спортските активности | МЦ на Општина Новаци, НВОи, ЦОУ Славко Лумбарковски Новаци, приватни спортски клубови | Тековно - континуирано | Организирани 4 работилници за придобивките по здравјето на младите од спортот и спортските активности | 72.000,00 |
| **Цел 2.2: Подобрување на условите за организирање на културните и спортските активности** | | | | | |
| **Резултат 2.2.1:Подобрени услови за организирање на културните и спортските активности** | | | | | |
| **Реден број** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Месец и Година на спроведување** | **Индикатори** | **Индикативен финансиски план** |
| **2.2.1.1** | Изработка на годишен план за организација на културни и спортски активности | МЦ на Општина Новаци, ЦОУ Славко Лумбарковски Новаци, приватни спортски клубови и ЕЛС Новаци | Тековно - континуирано | Зголемен број на организирани спортски и културни настани за 5% | / |
| **ОБЛАСТ 3: ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ПОДДРШКА ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ** | | | | | |
| **Цел 3.1: Создавање на подобри услови за отпочнување на мали семејни бизниси и обезбедување на ресурси и капацитети за нивно отпочнување** | | | | | |
| **Резултат 3.1.1:Создадени услови за нови семејни бизниси** | | | | | |
| **Реден** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Месец и Година** | **Индикатори** | **Индикативен** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **број** | | | **на спроведување** | | **финансиски план** |
| **3.1.1.1** | Организирани инфо сесии за промоција на оперативниот план на АВРМ наменети за претприемништво | МЦ на Општина Новаци, АВРМ, НВОи | Тековно - континуирано | Организирани 2 инфо сесии годишно | / |
| **Резултат 3.1.2:Едукација на младите за претприемачки вештини** | | | | | |
| **3.1.2.1** | Организирање на обуки и инфо денови за претприемачки вештини | МЦ на Општина Новаци, АВРМ, НВОи | Тековно - континуирано | Организирани 2 обуки или инфо денови годишно | / |
| **Цел 3.2: Младите се едуцирани и поддржани во нивните претприемнички вештини** | | | | | |
| **Резултат 3.2.1:Зголемена е понудата за обука и претприемништво** | | | | | |
| **Реден број** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Месец и Година на спроведување** | **Индикатори** | **Индикативен финансиски план** |
| **3.2.1.1** | Одржување на обуки за претприемништво | МЦ на Општина Новаци, АВРМ, НВОи | Тековно - континуирано | Организирани 2 обуки годишно | / |

**Совет на Општина Новаци**
**Претседател**
**Славица Најдовска Стојковска**